Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-475/8
25.12.2025 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 370 и член 372 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на РМ“ бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18, 191/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/19, 71/20, 302/20, 122/21, 33/24,208/24 и 193/25 ), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 17 од Статутот на општина Градско („Службен гласник на општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23), а согласно Одлуката за донесување предлог за членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Општина Градско бр. 0201-5/11 од 26.05.2025 година, донесена од страна на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на РСМ, Советот на Општина Градско на 6(шестата) седница одржана на ден 25.12.2025 година донесе:

## ОДЛУКА
## за формирање на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата

Член 1

Со оваа Одлука се формира Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Градско.

Член 2

Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата се формира заради развивање и унапредување на сообраќајното образование и воспитување на учесниците во сообраќајот, остварување на соработка и координација во развивањето на сообраќајно-превентивната работа и самозаштитата, унапредување на општата безбедност на сообраќајот на патиштата како работа од општествен интерес, како и заради иницирање и предлагање на потребни мерки за поголема безбедност на сообраќајот на патиштата.

Член 3

Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата е составен од 5 (пет) членови од кои 1 (еден) е претседател. Истите се од редот на заинтересираните државни органи, институции и правни лица, како и истакнати експерти од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

За Претседател на Општинскиот совет за безбедност на патиштата се именува:
-Пецо Кузманов- Општина Градско

За членови во Општинскиот совет за безбедност на патиштата се именуваат:
-Јованче Петров-СВР Велес, ПК Градско
-Љупка Славева Димовска-медицинска сестра
-Бошко Петрушевски-пожарникар во ТППЕ Велес и
-Славица Маркова-инструктор во авто школа.

Член 4

Мандатот на претседателот и членовите на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата е 4 (четири) години со право на повторно именување.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско“.

Совет на општина Градско
Претседател

Драгана Данева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА
СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА
Бр. 0201 –5/11
26.05.2025 година
С к о п ј е

Врз основа на член 371, член 373 и член 374 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и член 3, член 35 и член 49 од Деловникот за работа на советот бр.0101-1/1 од 30.01.2024 година, а во врска десеттата точка од осмата седница, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на ден 26.05.2025 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за донесување предлог за членови на**
**Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Општина Градско**

Член 1

За членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Општина Градско се предлагаат:

Пецо Кузманов- Општина Градско, претседател;
Јованче Петров - СВР Велес- ПК Градско, член;
Љупка Славева Димовска - медицинска сестра, член;
Бошко Петрушевски - пожарникар во ТППЕ Велес, член;
Славица Маркова – инструктор во авто школа, член;

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Член 3

Примерок од одлуката да се достави до Општина Градско и архивата на Советот заради евиденција.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
м-р Горан Ангеловски